ПРОЕКТ ЗА ПОДДРШКА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Human Rights Support Project

# *МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО СЛУЧАИ НА ПРЕЧЕКОРУВАЊЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ ОВЛАСТУВАЊА*

## *Правна анализа за 2010 година*

***Скопје,декември 2010***

**Издавач:** Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“

ул. Македонија 11/2-10, 1000 Скопје

Тел./факс: ++ 389 2 3215 263

E-mail: contact@all4fairtrials.org.mk

www.all4fairtrials.org.mk

**За издавачот**: Петре Мркев, претседател

**Автор:** Аница Томшиќ Стојковска, извршен директор на Коалиција Сите за правично судење & координатор на Проектот за поддршка на човековите права

**Партнери на Проектот за поддршка на човековите права:**

Форум за правата на Ромите Арка –Куманово

Центар за граѓанска иницијатива –Прилеп

ИЗБОР – Струмица

Центар за демократски развој-Тетово

Прва детска амбасада во светот Меѓаши

**Дизајн и печат**: Печатница 2 Август С – Штип

**Тираж**: 400 примероци

***Проектот е финансиран од Европската унија,Фондот за жртви од тортура на Обединети нации и Институт отворено општество***

*Оваа публикација е изготвена со помош на Европската унија.Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Проектот за поддршка на човековите права и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската унија.*

***СОДРЖИНА***

1. Резиме

2. Вовед

3. Односот на полицијата кон граѓаните

4. Заштита на потенцијалните жртви на полициска злоупотреба или тортура

*4.1. Регистрирани случаи по региони и години*

*4.2. Етничка ,полова и возрасна структура на потенцијалните жртви*

5. На што се жалат граѓаните

*5.1. Прекумерна употреба на сила*

*5.2.За кои категории полициски службеници најчесто се упатуваат поплаките*

6. Внатрешна контрола врз полицијата

*6.1 Поднесени претставки до секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди (СВКПС)*

*6.2 Одговори од СВКПС на поднесените претставки*

7. Институционална заштита на граѓаните при полициско постапување

7.1 *Улогата на Народниот правобранител во заштитата на граѓаните кои сметаат дека се жртви на полициска злоупотреба или тортура*

*7.2 Јавниот обвинител – пристап до правдата*

*7.3 Судот во обезбедувањето на правдата*

8. Други форми на соработка

9. Завршни согледувања и препораки

10. Прилози

10.1. Литература

10.2. Контакти на организациите имплементатори на ППЧП

***СПИСОК НА НАЈЧЕСТО УПОТРЕБУВАНИТЕ КРАТЕНКИ***

АРКА – Здружение на граѓани *Форум за правата на Ромите - Арка* – Куманово

ЕК – Европска комисија

ЕКЧП – Европска конвенција за човековите права

ЕСЧП – Европски суд за човековите права

ЗКП – Закон за кривична постапка

Избор – Здружение на граѓани *Избор* – Струмица

ЈО – Јавно обвинителство

Коалиција – Коалиција на здруженија на граѓани *Сите за правично судење*

КЗ – Кривичен законик

КПЕ – Кодекс на полициска етика

КПТ – Комитет за превенција од тортура при Советот на Европа

МВР – Министерство за внатрешни работи

НП – Народен правобранител

ОЈО – Основно јавно обвинителство

ОС – Основен суд

ОСЛ – Овластено службено лице

ППЧП – Проект за поддршка на човековите права

ПС – Полициска станица

СВКПС – Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи

УНВФВТ – Фонд за жртвите од тортура при Обединети нации

ЦГИ – Здружение на граѓани *Центар за граѓанска иницијатива* – Прилеп

ЦДР – Здружение на граѓани *Центар за демократски развој* – Тетово

## 1. Резиме

*Проектот за поддршка на човековите права и оваа година имаше за основна цел да им помогне на граѓаните кои сметаат дека се потенцијални жртви на полициска злоупотреба или тортура.Тој се имплементира од 2004 година и заклучно со 2009 година беше дадена правна помош на 293 случаи. Во 2009 година беа регистрирани дополнителни 42 случаи на можна повреда на правата во полициска постапка.*

*Доколку се опфатат и регистрираните случаи заклучно со 31.10.2010 година досега е помогнато,дадена правна помош или правен совет на вкупно 373 граѓани.*

*Основната цел е да им се помогне на граѓаните кои сметаат дека се потенцијални жртви на полициска злоупотреба или тортура. Оваа цел се остварува преку обезбедување на бесплатна правна помош која ги опфаќа следните активности:*

- *интервјуирање и документирање на наодите дадени од страна на граѓаните кои се жалат на полициското постапување;*
- *помош на потенцијалните жртви да обезбедат соодветна документација потребна за докажување на повредите при полициското постапување;*
- *финансиска помош за обезбедување лекарски уверенија со кои се утврдува повредата предизвикана од полициското пречекорување на овластувањата;*
- *финансиска помош за судско-медицинските вештачења потребни во истрагата на овластените органи за утврдување на прекумерна употреба на сила и тортура од страна на полициските службеници;*
- *поднесување претставки и коресподенција со надлежните државни органи во име на потенцијалните жртви кои пријавиле случаи на полициска злоупотреба или тортура;*
- *подготовка и поднесување кривични пријави и застапување на жртвите во случај на субсидијарно гонење на сторителите;*
- *следење на судските постапки против ОСЛ за злоупотреба или пречекорување на службените овластување и координирање со надлежните државни органи на локално ниво, со цел поефикасна борба против евентуалните појави на полициска злоупотреба и тортура.*

*Проектот се спроведува од страна на Коалицијата Сите за правично судење, Форум за правата на Ромите Арка од Куманово, Центар за демократски развој од Тетово, Центар за граѓанска иницијатива од Прилеп и Избор од Струмица. Во 2010 година во делот на бесплатната правна помош се вклучи и Првата детска амбасада во светот Меѓаши со обезбедување на правна помош на малолетници кои се сместени во затворени установи во кои слободата на движење е ограничена. Во 2010 година проектот беше помогнат и од Здружението на правата на Ромите од Штип кое претходно имаше регистрирано два случаи. Едниот од нив е за малтретирање во вршење на службата а другиот за кривично дело Мачење и друго нечовечко однесување утврдено со член 142 од Кривичниот законик.Притоа*

*првиот предмет беше застапуван од адвокатот на проектот со цел целосен пристап до правдата  а другиот предмет го следеше со цел да се увиди начинот на постапување на државните органи и судот во случај на обвинување за сторено кривично дело Мачење и друго нечовечко однесување кое е регулирано со член 142 од КЗ.*

*Во 2010 година се овозможи и бесплатно застапување во суд од страна на овластен адвокат. Во таа насока за два предмети во Прилеп и еден предмет во Штип беше ангажиран адвокат заради целосен пристап до правдата на класичните форми на полициска тортура и прекумерна употреба на сила.*

*Оваа година проектот беше финансиски поддржан од страна на Европската унија, Фондот за жртви на тортура на Обединетите нации и Институтот отворено општество од Будимпешта, но за формирањето и континуитетот на проектот заслужни се  исто така и Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје како и Фондацијата Институт Отворено Општество-Македонија.*

*Во 2010 година беа регистрирани 38 случаи на можна полициска злоупотреба со напомена дека оваа бројка е за период од 01.11.2009 година до 31.10.2010 година кога се затвора циклусот за регистрирање на случаи и се подготвува анализата.*

*Секако и во месеците ноември и декември се продолжи со давање на бесплатна правна помош но заради навремено и квалитетно обработување на податоците, методологијата за обработка на податоците го опфаќа периодот до 31.10.2010 година. Во споредба со 2009 година има намалување на поплаките за 9.5% , но оваа година беше забележливо и пријавување на случаи од граѓани кои не сакаа да иницираат понатамошна постапка против полициските службеници.*

*И во 2010 година поголем дел од поплаките се однесуваат на прекумерна употреба на сила. Од вкупниот број регистрирани случаи, 50% се однесуваат на прекумерна употреба на сила и најголем дел од поплаките се упатени за униформирани полициски службеници (53%), а се зголемени и поплаките за полициски инспектори во однос на 2009 година.*

*Се поставува прашањето дали механизимите за заштита на човековите права во случаи на пречекорување се доволно ефикасни? Според податоците на проектот во 73 % одоговорите на СВКПС биле дека наодите во претставките се неосновани поради што граѓаните губат доверба во органите на прогонот и внатрешната контрола и бараат второстепен механизам за заштита на нивните права.*

*Оваа година како и во 2009 година постоеше тенденција на поднесување на кривични пријави за напад на службено лице врз оние граѓани кои се жалеле на полициска злоупотреба или тортура но воедно се зголеми и бројот на санкционирани полициски службеници од страна на судот со што се намалува можноста од избегнување на правдата и неказнивоста на облиците на тортура.*

*Како и во изминатите извештаи така и сега се залагаме за отстранување на било каква форма на полициска супкултура која според теоретичарите се дефинира како :* 1. *лојалност кон колегите којашто се смета за суштинска; 2. јавноста или најголемиот дел од неа се доживува како непријател; и 3. сфаќањата на полициските службеници вклучуваат и употреба на сила* [1].

## 2. Вовед

Во 2010 година[2] регистрирани се 38 случаи на граѓани кои се пожалиле на полициска злоупотреба и повреда на нивните права во полициска постапка. Доколку се направи споредба со регистрираните случаи во 2009[3] година има намалување на бројот на пријавени граѓани но карактеристично за 2010 година е појавата на случаи каде граѓаните кои јавно и медиумски се жалеа на полициските постапки и сметаа дека нивните права се повредени, во подоцнежниот период се повлекуваа и не покренуваа постапки за детална истрага на нивните наоди.

Така во рамките на Коалицијата Сите за правично судење оваа година беа забележани повеќе случаи во кои на граѓаните им беше даден правен совет но тие не сакаа да поднесат претставка до секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди ниту пак кај Народниот правобранител. Бидејќи за овие граѓани не се преземени правни дејствија, во рамките на проектот тие се водат како незаведени случаи за кои постоеле сомневања за прекршување на правата од страна на полициски службеници но поради одредени причини граѓаните не презеле дополнителни правни дејствија за нивна заштита. Во делот на нерегистрирани случаи во Коалицијата Сите за правично судење се заведени 7 граѓани од кои:

- едно лице се жалело на непостапување од страна на полицијата но по извесен период не изразило волја да се поднесе претставка по неговата поплака.
- две лица се пожалиле за наводно несторување на прекршок за кој биле казнети од прекршочната комисија но се повлекле од понатамошно постапување заради зголемувањето на казните и судските трошоци доколку продолжат со постапката.
- 3 лица се пожалиле на нанесување на телесни повреди од страна на полициски службеници од кои за две беа презентирани и медиумски написи во повеќе национални телевизиски куќи но лицата во подоцнежната постапка не сакаа да поднесат претставки со образложение дека на тој начин ќе ги избегнат можните пријави кон нив за напад на

---

[1] за повеќе информации види во: *Полициска етика и деонтологија*, проф. Трпе Стојановски 2006, страница 43

[2] Периодот на известување е од 01.11.2009 до 31.10.2010

[3] Во 2009 година беа регистрирани 41 граѓанин и 2 здруженија на граѓани на кои им беше дадена бесплатна правна помош. Види повеќе: ЕФИКАСНОСТ ВО ЗАШТИТАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ПРИ ПРЕЧЕКОРУВАЊЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ ОВЛАСТУВАЊА,правна анализа за 2009 година,www.hrsp.org.mk

овластено службено лице како и од страв за понатамошни судири со лицата кои би ги пријавиле.
- за едно лице постоела апсолутна застареност за делото за кое сакало да поднесе пријава во рамките на нашиот проект.

Проектот за поддршка на човековите права преку своите канцеларии во 2010 година им помагаше на граѓаните во составувањето на претставки до секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на МВР, но воедно упатуваше претставки и до Народниот правобранител. Во случаи на нанесување на телесни повреди се покриваше и медицинската документација па во 2010 година во периодот на подготвување на оваа анализата финансиски се покриени 9 лекарски уверенија.

Анализирано по региони најмногу поплаки се заведени од ФПР Арка Куманово и тоа 12 случаи, кај Коалицијата Сите за правично судење се заведени 9 случаи, во Избор Струмица се заведени 7 случаи, кај Центар за граѓанска иницијатива од Прилеп се заведени 6 случаи додека кај Центарот за демократски развој од Тетово се заведени 4 случаи.[4]

Во 2010 година беа пријавени и два случаи од Здружението за заштита на Ромите од Штип за кои се води судска постапка. За едниот случај проектот го презеде судското гонење и ангажираше адвокат кој бесплатно ја застапува жртвата која се жали на малтретирање во вршење на службата, додека за вториот случај кој исто така се наоѓа во судска постапка проектот вршеше мониторинг на одржаните рочишта. Овој предмет е од посебен интерес за нас од причина што жртвата има поднесено субсидијарен обвинителен акт за кривично дело *Тортура* против 7 полициски службеници од СВР Штип. Во исто време против ова лице е поднесена кривична пријава за "*Напад на службено лице*".

Во годишниот извештај на Народниот правобранител за 2009 година е наведено дека во оваа институција се поднесени 252 претставки за полициски постапувања. Од нив 24.21% се однесуваат на прекумерна употреба на сила, 19.44% за непреземање на мерки за заштита на животот и имотот на граѓаните, 6.35% за одолжување, 1.19% за неосновано или противзаконито лишување од слобода, 0.40% за задржување во полициска станица подолго од 24 часа и 48.41% за друг вид на поплаки за полициско постапување.[5]

---

[4] ППЧП се спроведува на целата територија на нашата држава, и тоа: регионот на Скопје и Велес го покрива *Коалицијата „Сите за правично судење*"; североисточниот дел на државата го покрива *Арка* од Куманово (Куманово, Кратово, Крива Паланка и Штип); северозападниот дел од државата го покрива *„Центарот за демократски развој"* од Тетово (Тетово, Гостивар, Кичево и Дебар);, југозападниот дел го покрива *Центарот за граѓанска иницијатива* од Прилеп (Прилеп, Битола, Крушево, Македонски Брод, Ресен, Охрид, Струга, Кавадарци и Неготино), додека југоисточниот дел го покрива *Избор* од Струмица (Струмица, Гевгелија, Кочани, Радовиш, Берово и Делчево). Во 2010 година во рамките на Проектот учествува и Првата детска амбасада во светот Меѓаши за бесплатна правна помош на малолетници во полициска постапка.

[5] Извештај на Народниот правобранител за 2009 објавен на www.ombudsman.mk

Во извештајот на Европската комисија за напредокот на нашата земја за 2010 година стои дека "Продолжуваат наодите за деградирачко однесување со уапсените лица од страна на специјалните полициски единици „Алфа" коишто останаа да делуваат само во Скопје. Во 2009 година беа спроведени 46 истражувања за наодите за злоупотреба од страна на специјалната мобилна единица, споредено со 33 во 2008 година".[6]

Податоците кои ќе следуваат во овој извештај не може да се споредуваат со извештаите на домашните и меѓународните институции од причина што тие го опфаќаат периодот на 2009 година додека нашите податоци се заклучно со 31.10.2010 година. Доколку сакаме да направиме квантитативна споредба треба да ги земеме нашите податоци од 2009 година.

Во рамките на проектот во 2009 година се регистрирани 42 случаи, од кои 41 граѓанин и 2 здруженија на граѓани кои побарале бесплатна правна помош, сметајќи дека нивните права се повредени од полициските службеници и дека се жртви на полициска злоупотреба или тортура[7]

Основни заклучоци од 2009 година беа:

- ✓ *Бројот на евидентираните случаи за 2009 година е 42 што претставува зголемување за 15, 96% во однос на евидентираните случаи од 2008 година;*
- ✓ *На целата територија се пријавени 41 граѓанин и 2 здруженија на граѓани, од кои 36 се мажи и 5 жени;*
- ✓ *Се забележува тренд на намалување на бројот на поплаките од страна на малолетни лица и жени;*
- ✓ *За разлика од 2008 година, годинава има за 63% поголем број пријави од граѓани Роми;*
- ✓ *Процентуално во 2009 година како потенцијални жртви на полициска злоупотреба или тортура најчесто се пријавувале Македонци (54,76%); Роми (26,19%); Албанци (11,9%), и Турци (4,76%), и*
- ✓ *Ранливите категории, како што се Ромите и Албанците, кои во минатите извештаи биле означени како такви, остануваат ранливи и во 2009 година.*

Како и во минатогодишниот извештај така и сега ќе нагласиме дека она што ќе следува подолу не значи единствена бројка на граѓани кои се жалат на полициска злоупотреба или тортура, туку само регистрирани случаи кај нас, за кои граѓаните дале полномошно и за кои се обезбедила бесплатна правна помош.

---

[6] Извештај за напредокот за 2010 година, глава 2.2 Човекови права и заштита на малцинствата

[7] Види повеќе: ЕФИКАСНОСТ ВО ЗАШТИТАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ПРИ ПРЕЧЕКОРУВАЊЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ ОВЛАСТУВАЊА,правна анализа за 2009 година,www.hrsp.org.mk

## 3.Односот на полицијата кон граѓаните

Помеѓу полицијата и граѓаните постои двонасочен однос во кој клучна улога има почитувањето на човековите права. Со вршењето на својата улога полицијата е должна да ги заштитува основните човекови слободи и права преку попречување на нивно повредување или кршење. Во обезбедувањето на човековите права полицијата има двојна улога и тоа преку основната функција да биде заштитник на човековите права а од друга страна, при преземањето на полициските овластувања, да биде исклучително внимателна со максимално почитување на човековите права.Според член 2 од Кодексот на ООН се наведува дека “Во вршењето на своите должности лицата одговорни за примена на законот ќе го почитуваат и штитат човечкото достоинство и ќе ги бранат човековите права на сите лица”.

Овластувањата кои полицијата ги има со закон не се воопшто мали.Тие вклучуваат примена на средства на присила, меѓу кои е вклучена и примената на огнено оружје како и правото на испитување, задржување и лишување од слобода. Сите овие овластувања доведуваат до ограничувања на човековите слободи и права но тие ограничувања може да се применат исклучиво со постење на закон.

Постојат и меѓународни стандарди со кои се регулираат односите на полицијата кон граѓаните како и примената на полициските овластувања. Согласно член 1 од Кодексот на ООН “Лицата одговорни за примена на законот ќе ги извршат задачите кои им се доделени со закон така што ќе и служат на заедницата и ќе ги штитат сите лица од незаконски дејствија во склад со високиот степен на одговорност кој го бара нивната професија”[8]. Согласно пак член 2 и 4 од Европскиот кодекс  “Полицијата е јавен орган кој се формира со закон, полициските операции треба да бидат водени во склад со националните закони и меѓународните стандарди  и законската регулатива која се однесува на полицијата треба да биде јасна и прецизна”.

Основната цел на полицијата во едно демократско општество е владеењето на правото и одржувањето на јавниот ред и мир, заштитата и почитувањето на посебните слободи и права, превенција на казнените дела и борба против криминалот. Полициските активности покриваат широк спектар [9]. Почитувањето на основните слободи и права кои се содржани во Европската конвенција за човекови права подразбира и постоење на ограничувања на полицијата во остварувањето на нејзините цели. Полицијата мора да ги почитува правото на живот како и да се однесува хумано со секое лице без разлика дали тоа лице бара заштита од полицијата или пак се јавува како лице кое го крши законот и е сторител на одредено кривично дело.

[8] Кодекс за однесување на службениците одговорни за примена на законот -1979

[9] Меѓународни правни стандарди со кои се уредува полициската употреба на средства за присила - Д.Шктриќ ,2007 објавено во Хрватски љетопис за казнено право и пракса –Загреб бр.14,страна 187-214

Во основа секој полициски службеник треба да има индивидуална одговорност за своите постапки во вршењето на полициските задачи. Основен критериум за полициската постапка се законитост, сразмерност и недискриминација. Секоја акција мора да се темели на закон, да е во сразмер со целта која сака да ја постигне и не смее да вклучува било каков облик на дискриминација кон граѓаните[10].

Воедно односот на полицијата и граѓаните треба да биде регулиран со внатрешни закони, пракси и кодекси кои ќе се водат според принципите поставени во текстот на Европскиот кодекс на полициска етика и втемелувањето на меѓународните стандарди . Ваквата дефиниција е содржана во преамбулата на Европскиот кодекс.

За делувањето на полицијата во демократските општества значајни се Декларацијата за полиција [11] и Европската полициска повелба кои ги содржат начелата според кои треба да постапуваат полициските службеници во извршувањето на своите задачи. Декларацијата за полиција ја нагласува етиката на полициско постапување и делувањето на полицијата за време на војна и во други вонредни состојби, додека Европската полициска повелба ја регулира материјата на односот на полицијата со заедницата, внимателниот начин на однесување спрема граѓаните, давањето помош на граѓаните како и отфрлањето на секоја форма на полициска злоупотреба, самоволие, дискриминација и корупција. Со повелбата се нагласуваат правата на полициските службеници за здружување во синдикати.

Европскиот кодекс претставува надградба на Декларацијата за полиција. Европскиот кодекс на полициска етика опфаќа насоки за полициска интервенција и употреба на сила во извршувањето на полициските задачи. Според овој кодекс примената на сила може да се употреби само врз онов на легитимен акт т.е. закон и било која арбитрерна употреба на сила не смее и не може да биде прифатена.[12]Кодексот има одредби кои се однесуваат на практична обука на полицијата за употреба на сила вклучувајќи ги начелата на Европската конвенција за човекови права како и релевантните одлуки на Европскиот суд за човекови права од Стразбур. Со таа одредба се дава големо значење на ставовите на Судот за употреба на сила и се создава право кое гради стандарди кои полицијата при примена на сила мора да ги почитува.

[10] Богољуб Милосављевиќ- Људска права и полиција, издавач :Центар за антиратну акцију,Белград 2004
[11] Декларација за полиција –Резолуција 690/1979 Совет на Европа
[12] Европски кодекс на полициска етика (2001)

# 4. Заштита на потенцијалните жртви на полициска злоупотреба или тортура

## 4.1. Регистрирани случаи по региони и години

Во рамките на ППЧП во 2010 година се регистрирани 38 нови случаи на потенцијално прекршување на човековите права од страна на полицијата  а истовремено се следеа 12 активни случаи од 2009 година.

**Табела бр. 1** ***Регистрирани случаи на потенцијални жртви на полициска злоупотреба во 2010 година***

| *Организација* | *Евидентирани случаи* | *Истражни/судски постапки*<br><br>*2010 година (заведени во 2009 година)* |
|---|---|---|
| *Форум за правата на Ромите-АРКА КУМАНОВО* | *12* | */* |
| *Коалиција Сите за правично судење -СКОПЈЕ* | *9* | *0 (6)* |
| *Центар за демократски развој-ТЕТОВО* | *4* | */* |
| *ИЗБОР-СТРУМИЦА* | *7* | *0 (2)* |
| *Центар за граѓанска иницијатива -ПРИЛЕП* | *6* | *2(2)* |
| *Здружение за правата на Ромите –ШТИП* | | *0(2)* |
| *ВКУПНО* | *38* | *2(12)* |

Од наведената табела може да се види дека најголем број поплаки во 2010 година се приложени до ФПР Арка од Куманово како и кај Коалицијата Сите за правично судење но дека во тие региони најчесто постапките се ограничени само на внатрешна истрага и одлука на секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди при МВР.

Во табелата на истражни или судски постапки прво се означени бројот на предмети кои се заведени во 2010 година и за кои е покрената постапка во истата година а дополнително е претставен бројот на предмети кои се завеле во 2009 година но продолжиле да траат и во 2010 година при што биле мониторирани или застапувани од страна на ППЧП.

Притоа може да се забележи дека за разлика од 2010 година во 2009 година беа евидентирани повеќе случаи кои продолжија и оваа година година и тоа 6 во регионот на Скопје, 2 во регионот на Струмица , 2 во регионот на Штип и 2 во регионот на Прилеп.

Оваа година најголема ажурност покажа јавното обвинителство во Прилеп со тоа што две кривични пријави поднесени во 2010 година се решени и постапката е во истрага или на суд.

Кривичното гонење во овој регион истовремено може да укаже и на постоење потешки форми на повреди од страна на полицијата (тешки телесни повреди, малтретирање итн.), за разлика од другите региони во кои се пријавуваат послаби форми на полициска злоупотреба кои честопати завршуваат како неосновани претставки или се поведува дисциплинска постапка во рамките на МВР.

Во регионот на Штип се водат два судски предмети од 2009 година. За едниот случај проектот го презеде судското гонење и ангажираше адвокат кој бесплатно ја застапува жртвата која се жали на малтретирање во вршење на службата од страна на полициски службеници, додека за вториот случај кој исто така се наоѓа во судска постапка, се вршеше мониторинг на одржаните рочишта. Овој предмет е од посебен интерес за нас од причина што жртвата има поднесено субсидијарен обвинителен акт за кривично дело *Тортура* против 7 полициски службеници од СВР Штип. Во исто време против ова лице е поднесена кривична пријава за "*Напад на службено лице*"

Во 2010 година Коалицијата Сите за правично судење мониторираше предмети од 2009 година. Се работи за 6 активни предмети од 2009 година кои се наоѓаат во истражна или судска постапка. За 2 предмети е донесена пресуда додека за останатите 3 постапките се во тек.

Воедно во 2010 година покриени се 9 лекарски уверенија за период од 01.11.2009 до 31.10.2010 година.

Во текот на 2009 година во рамките на ППЧП беа водени вкупно 90 предмети. Од нив 48 беа случаи регистрирани во периодот на 2004-2008 година додека 42 случаи беа регистрирани во 2009 година. Со оглед на тоа што кај поголемиот дел од овие случаи беше исполнет еден од условите за затворање [13], во текот на 2010 година беа следени само постапките кои се наоѓаат во истражна или судска постапка.

---

[13] Во согласност со работењето на Проектот за поддршка на човековите права, регистрираните случаи се затвораат кога: 1. се искористени заштитните правни механизми и е констатирана повреда, при што жртвата смета дека правдата е задоволена; и 2. надлежните органи утврдиле дека нема повреда, а жртвата не била заинтересирана за натамошно водење на случајот

**Графикон бр.1 Регистрирани случаи по организации во 2009 и 2010 година**




**4.2. Етничка, полова и возрасна структура на потенцијалните жртви**

Од вкупниот број на регистрирани потенцијални жртви на полициска злоупотреба или тортура (38) сите се полнолетни лица, од нив 22 се Македонци, 13 Роми, 2 Албанци и 1 Турчин.

Споредено со минатата година каде имавме поплаки од 3 малолетни лица, оваа година нема поплаки од  оваа категорија. Во однос на етничката структура на лицата кои се жалат на полициска злоупотреба оваа година имаме мало намалување на бројот на поплаки од Македонци кои во 2009 година биле 23 но имаме зголемување на бројот на Ромите кои пак во 2009 година се заведени како 11 случаи.

Поделени по организации и региони кај ФПР Арка од Куманово се регистрирани 11 Роми и 1 Македонец, во Коалиција Сите за правично судење во регионот на Скопје и Велес  регистрирани се 8 Македонци и 1 Ром, во Центарот за граѓанска иницијатива од Прилеп регистрирани се 5 Македонци и 1 Турчин, во Избор од Струмица пријавени се 7 Македонци додека во Центарот за демократски развој од Тетово пријавени се 2 Албанци ,1 Ром и 1 Македонец.

По однос на половата структура , од 38 заведени случаи, во 4 од нив пријавители се жени.Тука споредбено со изминатите години имаме тренд на намалување на поплаки на  лица од женски пол. Така во 2009 година беа регистрирани  5 жени, а во 2008 и 2007 година пријавени се 7 жени како потенцијални жртви на полициска злоупотреба.

**Графикон бр.2 Регистрирани случаи според етничка припадност во 2009 и 2010 година**




Во однос на активните предмети од 2009 година кои се наоѓаат во истражна или судска постапка, 2 случаи во Штип се за граѓани од ромска етничка припадност[14] , 2 случаи заведени во Избор Струмица се од македонска етничка припадност[15], од 6 случаи заведени во Коалиција Сите за правично судење 3 се Албанци, 2 Македонци и 1 Ром, а за 2 случаи заведени во ЦГИ Прилеп 1 е Македонец и 1 Турчин .[16]

***ЗАКЛУЧОЦИ:***

- Бројот на официјално регистрирани случаи во 2010 година е 38 што претставува намалување во однос на 2009 година за 9.5%.
- Постојат и т.н. неофицијални случаи на граѓани кои се пожалиле до нашите канцеларии но од различни причини не сакале да се поведе постапка против полициските службеници.
- Постои основана претпоставка дека граѓаните немаат доверба во државните институции и системот. Дури и медиумски експонираните случаи на полициска злоупотреба или тортура

[14] ШТ001 и ШТ002
[15] СР049 и СР050
[16] ПП027 и ПП043

не сакаа да поднесат претставки и на тој начин да побараат адекватно да се истражат нивните наоди за повреда на правата во полициска постапка.

- Најголем дел од поплаките оваа година се забележани во регионот на Куманово кај Форум за правата на Ромите Арка при што преовладуваат претставките пристигнати од граѓани од Ромска етничка припадност.
- И понатаму најголем дел од претставките се поднесуваат од Македонци но оваа година има зголемување на претставките од Ромите во однос на 2009 година што и понатаму ги означува како ранлива категорија во полициското постапување.
- Во 2010 година има тренд на намалување на поплаките од жени а нема регистрирано ниту една повреда врз малолетно лице што е за поздравување.
- Многу мал дел од пријавените случаи продолжуваат во судска постапка , па така во 2010 година се започнати две судски постапки, а воедно се воделе и 12 истражни или судски постапки за предмети заведени во 2009 година и претходно со што не доведува до заклучок дека самите граѓани иако се жалат на повреди во полициска постапка нечесто истрајуваат до крај во остварувањето на правдата.

***ПРЕПОРАКИ***

- ***Да продолжи ефикасната истрага и санкционирањето на полициските службеници кои ги повределе правата на граѓаните во полициска постапка со цел понатамошно намалување на бројот на регистрирани случаи.***
- ***Зголемување на свеста на граѓаните за пријавување на случаите на полициска злоупотреба или тортура како и јакнење на довербата во државните институции кои работат на оваа проблематика.***
- ***Континуирано запознавање на граѓаните со нивните права при полициско постапување и можноста за добивање бесплатна правна помош како и нивно охрабрување за продолжување на постапките во судска инстанца.***
- ***Воспоставување на посебна грижа на ранливите категории на граѓани кои се жалат на полициска злоупотреба или тортура и поставување како приоритет во давањето на бесплатна правна помош.***

## 5. На што се жалат граѓаните

Од вкупно регистрираните случаи во 2010 година, во 3 случаи граѓаните се пожалиле дека биле жртви на малтретирање од страна на полициски службеници, во 2 случаи дека им биле нанесени тешки телесни повреди, во 19 случаи дека била прекумерно употребена сила од страна на полицијата од кои во 4 случаи имало елементи и на тортура со цел да бидат казнети или да признаат одредено дејствие, во 3 случаи се жалеле на непостапување на полицијата, во 4 случаи на брутално однесување, во 6 случаи на навредувачко и понижувачко однесување и во 1 случај за незаконско и непрофесионално постапување на полициските службеници.

**Графикон 3. Поплаки на граѓаните во 2010 година**



**Графикон бр.4 Поплаки на граѓани во 2009 година**




Доколку се споредат процентите од 2009 и 2010 година останува ист процентот на поплаки во делот на прекумерна употреба на сила (50%). Оваа година од вкупниот број на регистрирани случаи имаме 5% во кои граѓаните се жалат дека им биле нанесени тешки телесни повреди заради кои е покрената судска постапка и ангажиран адвокат во рамките на проектот.

За 11% се зголемуваат поплаките за понижувачко и навредливо однесување од страна на полициските службеници, додека незаконското и непрофесионално постапување се намалува за 11% во однос на минатогодишните поплаки на граѓаните. Она што се издвојува во 2010 година се 4 случаи или вкупно 10% од вкупниот број на поплаки кои се однесувале на брутално однесување од страна на полициските службеници.

Во барањето на одговор зошто се случуваат повреди на човековите права од страна на полициските службеници може да се најдат ставови кои посочуваат на слабости во системот на мерки.

Во тоа специјално место заземаат слабостите на органите кои се должни да покренуваат постапки и изрекуваат мерки за одговорност во случаи на прекршување на човековите права.

Според теоретичарите, ако имаме слабост на органите кои вршат контрола, тогаш меѓу полициските службеници ќе се рашири ставот за неказнивоста на повредата на правата во полициска постапка и тоа ќе доведе до можно повторување на овие повреди.

Причини за неказнивоста може да биде слабата полициска организација и моќта која таа ја има за преземање на мерки, непринципиелни врски на полицијата со јавното обвинителство и судот,

неспремноста на државата да делува против кршењето на човековите права и зависноста на обвинителството и судовите од носителите на политичката власт.[17] Во делот на причините кои влијаат одредени полициски структури да ги прекршуваат човековите права, се наведени причини од политичка, економска, социјална и културна природа[18].

Постојат десет темелни стандарди за човекови права за службениците кои го применуваат законот[19], донесени од страна на ООН и тие се основа и меѓународен извор за стандардите на постапување на полициските службеници, вклучувајќи ја и употребата на сила. Тие опфаќаат право на сите за еднаква заштита без дискриминација по било кој основ, постапување со жртвите заштитнички и со почитување, обезбедување на заштита на нивната сигурност и приватност, употреба на сила само кога е нужно потребна и во најмала мера со оглед на околностите, лишување од слобода само кога постои законска основа, обезбедување на медицинска помош, хумано однесување кон задржаните лица, заштита од арбитрерно лишување од слобода и обврска за известување на јавното обвинителство за секој вид на кршење на основните стандарди.

[17] Човекови права и полиција – проф. Богољуб Милосављевиќ –Белград 2004

[18]**Osse, A.,** Instrumenti za vodjenje diskusije: prirucnik za instruktore - o policiji i ljudskim pravima: petnaest ideja kako da se ohrabre policajci da razmisljaju o pitanjima vezanim za ljudska prava - Beograd: Kancelarija Saveta Evrope u Beogradu, 2003

[19] 10 Basic Human Right Standards for Law Enforcement Officials UN, 1998, AI idex POL 30/04/98

**Табела бр.2 Регистрирани случаи по категории и региони за 2010 година**

| **организација** | *ФПР Арка Куманово* | *Коалиција Сите за правично судење-Скопје* | *Избор Струмица* | *ЦДР – Тетово* | *ЦГИ – Прилеп* | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прекумерна употреба на сила и тортура** | 11 | 2 | / | 2 | 4 | 19 |
| **Малтретирање при вршење на службата** | / | 2 | / | / | 1 | 3 |
| **Навредувачко и понижувачко однесување** | | 2 | 3 | 1 | | 6 |
| **Незаконско и непрофесионално постапување** | / | / | 1 | / | / | 1 |
| **Непостапување на полициски службеник/ици** | 1 | 2 | / | 1 | / | 3 |
| **Незаконско постапување при претрес** | / | / | / | / | / | / |
| **Брутално однесување од страна на полицијата /тешки телесни повреди** | / | 1 | 3 | / | 1 | 6 |
| **Вкупно** | **12** | **9** | **7** | **4** | **6** | 38 |

Ако се погледне табелата за бројот на регистрирани случаи по организации и региони, може да се извади заклучок дека најмногу поплаки за прекумерна употреба на сила со елементи на тортура се заведени во регионот кој го покрива Здружението Арка од Куманово, додека бруталното однесување од страна на полицијата со навреди и понижување се пријавени во регионот кој го покрива Избор Струмица.

Доколку се направи споредба со состојбата во 2009 година, оваа година може да се забележи намалување на поплаките за прекумерна употреба на сила и тортура во регионот на Скопје каде се регистрирани 4 случаи во однос на 2009 година кога биле регистрирани 7 случаи на прекумерна употреба на сила и 3 случаи на малтретирање во вршење на службата.

Оваа година се зголемил бројот на поплаки за употреба на сила во регионот на Куманово, така што во 2009 година имало 7 поплаки за овој вид на повреда, додека во 2010 година пријавени се 11 случаи во кои граѓаните тврделе дека врз нив е применета прекумерна сила.

Во оваа година покрај поплаките за прекумерна употреба на сила, во поголем број се јавуваат и поплаки за навредувачко и понижувачко однесување како и за брутално однесување на полицијата со нанесување на тешки телесни повреди.

### 5.1. Прекумерна употреба на сила

Според стручната јавност постојат ризични ситуации во кои полициските службеници може најчесто да ги кршат човековите права. Така во тој дел влегуваат апсењата, сослушувањата, задржувањето на лица во полициски простории како и прибирање на информации и претрес на лица и домови. При апсењето може да дојде до непотребна примена на сила и повреди на достоинството на уапсеното лице, како и до повреди на правата кои ги има во моментот на приведување. При сослушувањето лицето некогаш се доживува како спротивна или непријателска страна па во такви моменти може да се случи да биде ставено на исцрпувачки испитувања но врз него да се примени и физичко и психичко малтретирање. Претресите на станови и лица може да бидат ризична област каде доаѓа до кршење на човековите права и тоа може да се случи во ситуации кога нема судски налог. Законот поинаку не дозволува примена на претрес на стан или лице бидејќи во спротивно може да дојде до повреда на правото на неповредливост на домот, правото на приватност но во истовреме да има дејствија со кои се врши малтретирање или понижувачко однесување.[20]

Карактеристично кај нас е постојаниот тренд на поплаки за прекумерна употреба на сила.Така во 2008 година беа пријавени 14 случаи на прекумерна употреба на сила со нанесување телесни повреди и 5 случаи на малтретирање при вршење на службата, додека во 2009 година пријавени се 21 случај на прекумерна употреба на сила со нанесување телесни повреди и 5 случаи за малтретирање при вршење на службата.

Во согласност со членот 83 од Законот за полиција (*Службен весник* бр. 114/2006, 148/2008 и 6/2009), полициските службеници можат да употребат сила со која треба да се одбие напад, да се спречи бегство на лице или да се совлада отпорот на тоа лице.

Во членот 38 од Кодексот на полициската етика (*Службен весник* бр.72/2007) е утврдено дека „полициските службеници можат да употребат средства за присилба само кога е неопходно и само во обем што е потребен за постигнување на одредена легитимна цел“.

---

[20] Проф. Др. Богољуб Милосављевиќ – Људска права и полиција

Меѓународните стандарди[21] ја ограничуваат употребата на сила од страна на лицата одговорни за спроведување на законот. Согласно тие стандарди, сила може да се употреби само ако е неопходно и тоа во најмала можна мера, во зависност од околностите.[22] Лицата кои се лишени од слобода имаат право со нив да се постапува хумано и тоа е загарантирано во членот 10 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.[23]

Во согласност со членот 3 од Уредбата за употреба на средства за присилба и огнено оружје[24], овластените службени лица при МВР, во случај на совладување отпор што го дава лицето лишено од слобода, првенствено ќе применуваат ненасилни средства, а средствата за присила ќе ги применат само доколку не може поинаку да се постигне сакананата цел. Во членот 14 од Уредбата се утврдува дека ОСЛ е должно да престане со употребата на физичка сила штом ќе престане непосредниот напад или отпорот од страна на лицето. Во случај на нанесување тешка телесна повреда или смрт, во согласност со членот 28 од оваа Уредба, треба да се формира комисија која ќе ги разгледува околностите под кои е применето средството за присилба, при што се изготвува и извештај со мислење за основаноста, оправданоста и правилноста на употребата на средствата за присила.

| ***Случај 1 – прекумерна употреба на сила и малтретирање во вршење на службата*** |
|---|
| ПП045 го пријави случајот во проектот и побара да добие бесплатна правна помош. Според првичните информации за овој случај кој беше и медиумски експониран, граѓанинот бил тепан пред очите на својата сопруга затоа што побарал да се ослободи патот за да помине со своето возило со кое го носел својот родител во болница. За истиот случај МВР поднесе кривична пријава против жртвата за "напад на службено лице" а по службена должност Основното јавно обвинителство покрена обвинение за "малтретирање во вршење на службата" против двајца полициски службеници. |

Горенаведениот случај беше проследен од повеќе медиуми и беше дадена изјава од раководните структури на МВР дека ќе биде процесуирана кривичната пријава како и покренатата постапка пред Комисијата за отказ на полициските службеници инволвирани во овој настан. За жал граѓанинот кој се жалеше дека е малтретиран и се здоби со тешки телесни повреди, доби кривична пријава за напад на службено лице која во подоцнежната постапка во јавно обвинителство беше отфрлена.

---

[21] Кодекс за однесување на лицата одговорни за примена на законот- Fair trial manual – Amnesty International 1998 , издавач Фонд за хуманитарно право, страница 88

[22] Fair Trial manual –Amnesty International 1998, издавач Фонд за хуманитарно право, страница 88

[23] Меѓународен пакт за граѓански и политички права,усвоен на Генералното собрание на ООН во 1966 година

[24] Уредбата за употреба на средства за присилба и огнено оружје 04.4.1998 година, www.mvr.gov.mk

Како и минатата година така и сега се наметнува дилемата зошто честопати кога граѓаните се жалат на прекумерна употреба на сила и тортура, тие истовремено добиваат кривични пријави за напад на службено лице. Се запрашуваме дали граѓаните навистина ги напаѓаат полициските службеници кои потоа се должни да се заштитат себеси и своите колеги или пак демонстрацијата на моќ се затскрива со наводна нужна одбрана од страна на полицијата? Во 2009 година за 4 случаи СВКПС ја оправдува употребата на сила со фактот дека бил извршен напад на полициски службеник.

Во периодот на известување финансиски беа обезбедени 9 лекарски уверенија со кои се констатираат нанесени тешки или лесни телесни повреди. И во горенаведениот случај ПП045 постои медицинска документација за нанесување на тешки телесни повреди заради кои потенцијалната жртва преку нашиот застапник достави и приватна тужба.

Во случајот на ПП047 жртвата беше во кома и и беа нанесени тешки телесни повреди. Проектот за овој случај ангажираше адвокат бидејќи се работи за нанесување на тешки телесни повреди од страна на полициски службеник. Иако полицискиот службеник во моментот на дејствието бил надвор од работното место и после работното време, проектот се водеше од ставот дека полицијата треба да биде пример на достоинствено и законито однесување и да ги заштитува граѓаните од повреди на човековите права во секое време.

| ***Случај 2 – Прекумерна употреба на сила со елементи на тортура*** |
|---|
| СК093 и СК094 го пријавија случајот со поплака дека врз нив е извршена тортура од неколку полициски службеници во полициската станица Кочани. За СК093 беше покриено лекарско уверение во кое беше констатирана лесна телесна повреда која според изјавата на жртвата ја здобил при удари од тупаници и клоци кои му биле нанесени по главата, телото и табаните на нозете. Кај овој случај потенцијалните жртви на полициска злоупотреба и тортура се повлекоа од понатамошно гонење заради страв од идни закани и дејствија на полицијата. |

Употребата на сила како и користењето на огнено оружје спрема поединци е најсилно овластување кое го има полицијата . За да може употребата на сила да се ограничи и да се вклопи во рамки кои се легитимни и истовремено усклaдени со потребата од заштита на човековите права, пропишани се бројни меѓународни стандарди.

Најголем дел од тие стандарди се опфатени во документот на ООН "Основни принципи за употреба на сила и огнено оружје од страна на овластени службени лица кои го применуваат законот" донесен во 1990 година.

Како општи начела за употреба на сила и огнено оружје се издвојуваат начелото на законитост, неопходност, сразмерност и воздржаност.

Начелото на законитост ја обврзува полицијата да ја користи силата само за законски цели и согласно правилата кои се пропишани во закон. Секое арбитрерно постапување или злоупотребата на сила треба да бидат казнети како кривични дела (Основни начела за употребата на сила, принцип бр.7).

Начелото на неопходност значи пред се силата да се употреби единствено кога не може со ненасилни методи да се оствари законската цел. Силата се користи само кога е тоа неизбежно потребно т.е. апсолутно нужно. Силата треба да претставува *ultima ratio* т.е. крајно средство кое ќе го примени полицијата. Затоа во рамките на проектот се реагираше за неколку случаи каде начелото за неопходност не било испочитувано и се јавуваа случаи на граѓани кои се жалеа на тортура и малтретирање во простории на полициски станици или пак на одредени настани каде редот и мирот можел да се постигне и со примена на ненасилни мерки.[25]

Начелото на сразмерност бара да постои рамнотежа помеѓу употребената сила и легитимната цел заради која е употребена истата. Силата која се применува треба да биде пропорционална во остварувањето на целта на полициската акција[26]. Европскиот суд за човекови права при испитување дали употребената сила е сразмерна на целта мора да утврди и дали акцијата е така испланирана и водена за да се минимизира до најголема можна мера употребата на смртоносна сила. Согласно начелото на сразмерност проектот за поддршка на човекови права јавно реагираше за случајот во оранжериите во Банско каде полицијата откако го совлада отпорот на штрајкувачите легнувајќи едно од лицата на земја, продолжи да применува сила која веќе не претставуваше сразмерна мерка за остварување на целта.

Начелото на воздржаност претставува примена на сила во што помала можна мера и доколку се примени да се избегне нанесување на последици по здравјето и животот на луѓето.

Под општи принципи на полициското постапување се недискриминација и непристрасност, заштита и почитување на правото на живот, забрана за тортура, почитување на правото на приватност, почитување на граѓанските и политички права, заштита на посебно ранливите групи, помош на жртвите и грижа за здравјето на лицата.

[25] Службениците задолжени за примена на законот во вршењето на своите должности треба да применуваат ненасилни средства додека е тоа можно пред да се одлучат да применат сила или огнено оружје. Употребата на сила може да се примени само доколку со други средства не се постигне резултат или ако со употребата на други средства нема гаранција дека ќе се постигне посакуваниот резултат – Основни принципи за употреба на сила,принцип бр.4

[26] Полицијата може да примени сила само кога е тоа нужно потребно и само во онаа мера која е неопходна за постигнување на легитимната цел-член 37 од Европскиот кодекс.

### 5.2.За кои категории полициски службеници најчесто се упатуваат поплаките

Во 2010 година од вкупниот број на регистрирани случаи (38) 20 поплаки се однесувале на униформирани полициски службеници, 8 поплаки за полициски инспектори, 5 поплаки за посебната единица Алфа, 3 поплаки за полициски службеници во собраќајната полиција и 2 поплаки за претставник на единицата за брзо распоредување.

**Графикон бр.5 Поплаки против полициски службеници во 2010 година**




Не може да се направи анализата за вкупниот број на полициски службеници за кои се однесуваат претставките бидејки регистрирани се настани во кои граѓаните се жалат на нанесување на повреди од поголем број на полициски службеници. Од нив во 24 случаи граѓаните се пожалиле на повреда од повеќе полициски службеници, а во 14 случаи на повреди настанати од еден полициски службеник.

Според податоците од 2009 година најмногу поплаки се однесувале на униформираните полициски службеници (44%) што се повторува и во 2010 година т.е. најголемиот дел од поплаките се упатуваат на оваа категорија полициски службеници (53%). Во однос на вкупниот број на поплаки, оваа година има зголемување на бројот на поплаки против униформираните полициски службеници и тоа за 9% во однос на 2009 година, како и зголемување на бројот на претставките за полициските инспектори од 17 на 21% од вкупниот број на поплаки доставени од страна на граѓаните.

Се забележува намалување на бројот на поплаките за специјалната едница Алфа, а во однос на 2009 година оваа година имаме регистрирање на 2 случаи во кои е посочен претставник на ЕБР како прекршител на човековите права.

Се задржува истиот процент на поплаки против сообраќајната полиција, но воедно за поздравување е оваа година што немаме поплаки за неуниформирани полициски службеници, граничната полиција како и аналитичката служба на МВР.

Согласно претходните извештаи и оваа година поплаките се упатуваат на оние категории на полициски службеници кои почесто имаат контакти со граѓаните како што се униформираните службеници и полициските инспектори. Иако овие полициски службеници се наоѓаат во поголем ризик да направат прекршување на човековите права сепак секој треба да сноси одговорност во случаи на полициска злоупотреба, прекумерна употреба на сила или друг вид на пречекорување на полициските овластувања.

**ЗАКЛУЧОЦИ:**

- И во 2010 година поголем дел од поплаките се однесуваат на прекумерна употреба на сила. Во континуитет со минатата година, и годинава граѓаните се жалат на тоа дека полицијата најчесто применува сила иако постојат и други механизми во полициското постапување кои редоследно треба да се применат пред употребата на сила.
- И оваа година се нотирани случаи за понижувачко и навредливо однесување од страна на полицијата при што во однос на минатата година се бележи пораст од 11%, а истовремено оваа година се забележува и појава на поплаки за брутално однесување на полицијата во 10% од вкупно поднесениот број на поплаки.
- Во 2010 година најголем број на случаи се регистрирани во регионот кој го покрива Здружението Арка од Куманово во кој доминираат поплаките за прекумерна употреба на сила.
- Забележливо е непочитувањето на домашните и на меѓународните стандарди за употреба на сила.
- Во 2010 година најголем дел од поплаките се упатени за униформираните полициски службеници (53%), а се зголемени и поплаките за полициските инспектори во однос на 2009 година.
- За поздравување е намалувањето на бројот на претставки против специјалната едница Алфи за кои во 2009 година биле пријавени 15% од вкупниот број на поплаки додека оваа година се 13% од вкупниот број на поплаки.

**ПРЕПОРАКИ:**

- ***Целосно почитување на основните принципи за употреба на сила и огнено оружје од страна на овластените службени лица кои го применуваат законот донесени во 1990 година од страна на ООН.***

- ***Спроведување на принципите за полициско постапување кои ги опфаќаат недискриминацијата и непристрасноста, заштитата и почитувањето на правото на живот, забраната за тортура, почитувањето на правото на приватност, почитувањето на граѓанските и политички права, заштитата на посебно ранливите групи, како и помошта на жртвите и грижа за здравјето на лицата.***

- ***Креирање на политики за легитимна и пропорционална употреба на сила како и внимателно постапување со ранливите категориии на граѓани при спроведувањето на полициските постапки.***

- ***Организирање на специјални обуки за униформираните полициски службеници во делот на примената на сила со цел почитување на основните принципи на Обединетите нации за употреба на сила и огнено оружје како и меѓународните стандарди за почитување на човековите права на лица лишени од слобода.***

- ***Континуирана едукација на полициските службеници за праксата на Европскиот суд за човекови права во делот на прекршувањето на правата во полициско постапување.***

## 6. Внатрешна контрола врз полицијата

Улогата на внатрешната контрола во превенцијата и намалувањето на кршењето на човековите права според некои теоретичари треба да биде клучна бидејќи внатре во самата полиција постојат најнепосредни сознанија за однесувањето на полициските службеници[27]. Таа контрола по правило би била ефикасна доколку има добар раководен тим и работата се претставува транспарентно. Во системот на внатрешната контрола имаат важна улога 1) контролата која ја спроведува повисокиот полициски орган кон понискиот, 2) контролните активности на посебните служби за внатрешна контрола.

Основната цел на овие контролни механизми е да ја надгледуваат примената на полициските овластувања и објективно и непристрасно да преземат мерки против оние полициски службеници кои направиле повреда на правата при преземањето на полициските овластувања.

Механизмите за внатрешна контрола се должни да постапуваат по жалбите на граѓаните за работата на полицијата, да проверуваат добиени сознанија од медиумите или информации добиени на друг начин за неадекватниот третман на граѓаните од страна на полицијата и да поднесуваат пријави или даваат укор за полициските службеници за кои се констатирала повреда при вршење на полициските постапки.

Со цел да се намали полициската субкултура Кодексот на ООН за однесувањето на лицата одговорни за примена на законот ги обврзува полициските службеници за секој случај на кршење на човековите права да ги известат повисоките полициски органи, како и органите на надворешна контрола, како што се јавното обвинителство, судот и народниот правобранител. Заради таквите известувања полицискиот службеник не би смеел да трпи никакви последици освен доколку не се работи за повреда на правото за чување на доверливи податоци на граѓаните.

Правото на граѓаните да поднесуваат жалби т.е. претставки за работата на полицијата е едно од правата кои се признаени со меѓународните документи за човекови права. Основното прашање во делот на поднесувањето на претставки е овозможувањето на непристрасна процедура за решавање по тие претставки. Ова прашање е поставено во делот на меѓународните стандарди за демократска контрола и одговорност на полицијата, со тоа што некои земји во таквите процедури ги вклучуваат претставниците на граѓаните кои заеднички со полицијата учествуваат во постапките за проверка на наодите во претставката и донесувањето на одлуките по нив. За ваква солуција се залага и Европскиот кодекс на полициска етика во кој се вели "Јавните органи ќе обезбедат ефикасни и непристрасни процедури за поднесувањето на жалби за работата на полицијата. Жалбите за работата на полицијата треба да бидат истражени на непристрасен начин. Полицијата која ја испитува полицијата претставува прашање кое предизвикува сомнеж во непристрасноста.

[27] Проф. Др. Богољуб Милосављевиќ – Људска права и полиција

Затоа државите мора да обезбедат непристрасни системи кои не само што се непристрасни туку и изгледаат непристрасно за да се обезбеди довербата на граѓаните. Во крајниот случај треба да постои можност ваквите жалби да се поднесуваат пред суд”.[28]

Во нашата држава контролата врз работењето на полицијата се одвива на внатрешно и на надворешно ниво. Внатрешната контрола ја врши секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди при МВР, додека надворешната контрола ја вршат Народниот правобранител, Јавното обвинителство, судовите, Собранието и граѓанскиот сектор.

Во согласност со Законот за полицијата, право на претставка има секое лице кое смета дека е жртва на полициска злоупотреба или дека при преземањето на полициските овластувања се повредени неговите права.[29]

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди своето работење го уредува со правилник за вршење на работите[30], со кој се пропишува начинот на постапување на секторот при утврдување на појави на незаконско постапување од страна на полициските службеници.

Во годишниот извештај на Народниот правобранител за 2009 година е посочено дека преовладува впечатокот дека секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и понатаму во најголемиот број случаи пронаоѓа оправдувања за преземените полициски овластувања.

Според извештајот за напредокот на нашата држава за 2010 година издаден од страна на Европската комисија, за секторот за внатрешна контрола е наведено дека продолжува да извршува чести проверки на извршувањето на професионалните стандарди. Во истиот извештај е изразена и загриженост околу ефикасноста на системот за жалби заради немањето на силен независен механизам за набљудување на органите за спроведување на законите.[31]

---

[28] Член 61 и коментар на член 61 од Европскиот кодекс.

[29] Член 8, Закон за полиција *Службен весник* бр. 114/2006, 148/2008, 6/2009

[30] Правилник за вршење на работите на СВКПС на Министерство за внатрешни работи, донесен мај 2007, а стапил во сила на 11.11.2007

[31] Извештај за напредокот за 2010 година, глава 2.2. 2.2 Човекови права и заштита на малцинствата

### *6.1 Поднесени претставки до секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди*

Во 2010 година беа поднесени 22 претставки за граѓани кои се пожалија на повреда на правата во полициска постапка. Иако се регистрирани 38 случаи, оваа година се јавува одредена доза на страв кај граѓаните да ги пријават случаите и тие соодветно да се истражат.

Од 16 случаи за кои не се поднесоа претставки до секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, во 5 случаи граѓаните самите ја пријавиле повредата во СВКПС, во 5 случаи граѓаните немале доволно докази за да ја докажат полициската злоупотреба и на нив им е даден правен совет и во 6 случаи граѓаните не сакале да поднесат претставка до секторот од страв и недоверба кон системот кој треба да ги испита нивните поплаки.

Во однос на 2009 година оваа година е забележано зголемување на граѓани кои не сакале да поднесат претставка. Минатата година само во 6 случаи не се поднесени претставки од кои кај 3 случаи потенцијалните жртви не сакале да се иницира постапка поради страв и недоверба во државните институции, во 2 случаи предметите се завеле кај Народниот правобранител, а во 1 случај е побаран мониторинг на судски предмет за кривична одговорност на полициски службеник.

***Табела бр.3 : Број на поднесени претставки до СВКПС од 1.11.2009 до 31.10.2010 година по региони***

| Регион | Вкупно случаи | Поднесени претставки | Неподнесени претставки |
|---|---|---|---|
| **Североисточен регион (*Арка* – Куманово)** | 12 | 12 | 0 |
| **Скопје и Велес (Коалиција *Сите за правично судење*)** | 9 | 5 | 4 |
| **Југоисточен регион (*Избор* – Струмица)** | 7 | 1 | 8[32] |
| **Северозападен регион (*ЦДР* – Тетово)** | 4 | 2 | 2 |
| **Југозападен регион (*ЦГИ* – Прилеп )** | 6 | 2 | 4[33] |
| **ВКУПНО** | 38 | 22 | 16 |

[32] Во два случаи граѓаните сами поднеле претставка а во еден случај СВКПС реагирал по објавувањето на настанот на медиуми.
[33] Во два случаи граѓаните сами поднеле претставка

За еден од случаите за кои не е поднесена претставка до СВКПС, проектот реагираше со соопштение до медиумите. Станува збор за еден случај кој беше објавен на медиумите и во кој јасно се покажува употреба на сила која е прекумерна и употребена во моментот кога се совладал отпорот на граѓанинот. Во тоа соопштение најжестоко се осуди настанот и се побара СВКПС да го казни полицискиот службеник.Во понатамошната истрага на МВР се утврди дека имало пречекорување на полициските овластувања и беа преземени мерки против полицискиот службеник.

### *6.2 Одговори од СВКПС на поднесените претставки од проектот за поддршка на човековите права*

По однос на поднесените претставки од секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во 16 случаи секторот констатирал неоснованост, во 2 случаи дека нема доволно докази за да се утврдат наодите во претставките, за 2 претставки не е доставен одговор во периодот на подготвување на анализата, во 1 случај е констатирана основаност на претставката, додека во 1 случај е поднесен посебен извештај до Јавното обвинителство со кривична пријава и за истиот случај е иницирана дисциплинска постапка против конкретниот полициски службеник.

**Графикон бр.6 Резултати од одговорите на секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди**



Според горенаведениот графикон може да се забележи дека СВКПС и понатаму најголем дел од претставките ги смета за неосновани.

Таква беше и за состојбата во 2009 година , односно како и сега 73% од вкупниот број на одговори беа неосновани, додека во 2008 година 76% од поднесените претставки беа неосновани, 17% основани, 4% делумно основани и во 3% од нив беше оценето дека нема доволно докази за наводите во претставката.

Во 2009 година основани биле 17% од одговорите а во 2010 година има основаност само во 4% од вкупниот број на поднесени претставки.Воедно во 2009 година 10% биле за немање на докази ,а во 2010 немањето на докази како одговор се намалува на 9% од вкупно поднесените поплаки од страна на граѓаните.

Загрижува податокот што и понатаму најголемиот дел од одговорите се неоснованост на претставката што доведува до заклучок или дека граѓаните беспредметно се жалат за работата на полициските службеници или дека секторот не може да обезбеди ефикасна и објективна истрага за поплаките на граѓаните.

Во единствениот случај во кој секторот констатирал основаност нема образложение ниту се наведени кои мерки ќе се преземат кон полицискиот службеник, а за еден случај е изготвен посебен извештај до ОЈО за сторено кривично дело и е иницирана дисциплинска постапка.За овој случај мора да се нагласи дека одговорот е добиен на 05.03.2010 година, а против истиот полициски службеник подоцна е поднесена уште една претставка за која се добива одговор на 24.09.2010 година. Во вториот одговор се истакнува дека лицето користи отсуство од работа при што СВКПС нема надлежност за спроведување на дисциплинска постапка. Се поставува прашањето со која дисциплинска мерка било казнето истото лице во првата постапка и тоа за основано сомнение дека сторило тешко кривично дело ако продолжило да работи и да има засновано работен однос во МВР при што за неколку месеци против него се поднесува нова претставка.

Како и минатите години така и оваа година секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на својата интернет страна објавуваше двонеделни билтени со кои ја известува јавноста за преземените мерки во случаи кога е констатирана полициска злоупотреба. Но во одговорите кои ги доставува до граѓаните како и до здруженијата на граѓани не се посочува кој вид на дисциплинска мерка ќе се преземе. Ваквата практика провејува не само оваа година туку се појавува и во изминатите години. Од одговорите на СВКПС од 2009 година во кои е констатирана основаност на претставката, не можело да се види на кој начин ќе бидат санкционирани полициските службеници бидејќи во 2 случаја тоа не било наведено, во 2 од нив стои дека ќе биле преземени соодветни мерки, а само во 1 случај е наведено дека записникот ќе му бил доставен на лицето кое ја поднело претставката.

Во 2008 година во 57% од одговорите не бил прецизиран видот на санкцијата што ќе се преземе против ОСЛ доколку се констатира основаност на претставката, додека во 15% од одговорите се

навело дека ќе се преземе дисциплинска мерка, а во 14% дека ќе има намалување од плата и опомена.

Како и минатата година така и во оваа се забележува во најголем дел навремено доставување на одговорите по поднесените претставки [34].

***Графикон бр.7: Времетраење на добивањето одговори по поднесени претставки до СВКПС од 2007 до 2010 година***




Во 2010 година се забележува поголемо почитување на законскиот рок од 30 дена. Во член 17, став 2 од правилникот за вршење на работите на СВКПС на Министерството за внатрешни работи[35], се утврдува дека секторот треба да го заврши постапувањето по конкретна претставка најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на претставката. Овој рок е предвиден и во членот 8 ставот 2 од Законот за полиција, со кој се утврдува дека „Полицијата е должна да изврши проверка по наодите во претставката од ставот 1 на овој член и во рок од 30 дена од денот на приемот на претставката во писмена форма да го извести подносителот за преземените мерки."

Како и во изминатите години најчесто одговорите се доставуваат во период од 90 дена. Овој рок е предвиден во член 17 став 3 од истиот правилник каде се дозволува продолжување на постапката во траење од 3 месеци, со одобрување од страна на раководителот на СВКПС, кога во наодите на

---

[34] Во 2009 година од поднесени 36 претставки доставени се 30 писмени одговори од СВКПС

[35] Правилник за вршење на работите на СВКПС на Министерство за внатрешни работи, донесен мај 2007, а стапил на сила 11.11.2007 ,објавен на официјалната интернет страна на МВР, www.mvr.gov.mk

претставката има основа за покренување иницијатива за поведување постапка за утврдување на кршење на работниот ред и дисциплина. Во случај кога наодот изнесен во претставката се однесува на постапување на работник со кое е сторено кривично дело, раководителот на секторот, со одобрение од министерот, може да го продолжи рокот од ставот 2 на овој член, но најдолго 6 месеци од денот на поднесувањето на претставката.

Во 2010 година се појавуваат 3 случаи каде одговорите се чекале до 6 месеци. Доколку сакаме да направиме анализа регионално, може да констатираме нееднаковост во брзината на доставување на одговори. Така во регионот на ЦГИ Прилеп за 2 претставки биле доставени одговори во период од 30 дена, во регионот на Арка Куманово за 8 претставки се добиени одговори во рок од 90 дена а за 3 претставки одговор во период од 6 месеци, во регионот на Избор Струмица за 2 претставки е добиен одговор во период од 90 дена, во регионот на Коалицијата Сите за правично судење за Скопје и Велес добиени се 3 одговори за период од 30 дена, и во регионот на ЦДР Тетово добиени се 2 одговори во период од 90 дена.

Според нашите податоци, региони во кои најбргу се доставуваат одговорите на претставките и се почитува законскиот рок од 30 дена пропишан во Законот за полиција се регионите на Скопје и Прилеп, а најдолго се доставуваат одговорите во регионот на Куманово во кој за 3 случаи се чекало одговор и до 6 месеци.

***ЗАКЛУЧОЦИ:***

- Во 2010 година од 22 поднесени претставки добиени се 20 одговори од кои во 73% се констатирала неоснованост на претставките.
- Веќе неколку години од страна на СВКПС не се доставува известување за прогресот на постапката во случај кога се надминува законски предвидениот рок од 30 дена за доставување одговор по поднесена претставка, како што е пропишано во членот 17 став 5 од правилникот за вршење на работите на СВКПС на Министерството за внатрешни работи, а оваа година 12 одговори стигнале во рок од 90 дена, а 3 одговори во период од 6 месеци.
- И понатаму во одговорите на претставките кога се тие основани не се внесува кој вид на мерка се презема против полицискиот службеник, а во еден случај за еден полициски службеник за кој е поднесена кривична пријава доставена е и втора претставка за повреда на правата во полициска постапка.
- Поради големиот број на одговори со кои се констатира неоснованост, граѓаните губат доверба во органите на прогонот и внатрешната контрола и се бара второстепен механизам за заштита на нивните права.

***ПРЕПОРАКИ:***

- ***Да се почитуваат законските рокови за доставување одговор по поднесена претставка, како и известување за прогресот на постапката во случај кога таа се продолжува повеќе од 30 дена.***

- ***Во образложението на претставките да стои објаснување за видот на мерката која секторот ја презема кон полицискиот службеник.***

- ***Да се зајакнат капацитетите на СВКПС заради стручна, ефикасна и објективна истрага во случаи на полициска злоупотреба и да се формира второстепен мешовит систем за надворешна контрола во кој ќе учествуваат и претставници од граѓаните во случаи кога имало пречекорување на примена на сила како и полициска тортура.***

- ***Нулта толеранција од страна на владините институции кога постојат елементи на полициска злоупотреба или тортура, со што ќе се избегне можноста од полициска субкултура и заштита на ОСЛ кои ги повределе правата на граѓаните при извршувањето на полициските овластувања.***

## 7. Институционална заштита на граѓаните при полициско постапување

Според нашето законодавство, институционална заштита на граѓаните во случаи на повреда на правата во полициска постапка дава Народниот правобранител, Јавното обвинителство како и судовите. Народниот правобранител има широк спектар на овластувања и тој ги заштитува правата на граѓаните доколку се тие повредени од страна на државните органи. Доколку пак кршењата на човековите права се идентификувани како кривични дела, во тој случај надлежност има Јавното обвинителство и судот. Доколку кривичните дела се сторени од полициски службеници, во тој случај треба и поголема ефикасност од јавното обвинителство и судот бидејќи може да постојат основани претпоставки за селективна примена на правдата од страна на внатрешната контрола во полицијата. Токму поради тоа и во Декларацијата за полиција се наведува дека “законодавството треба да обезбеди систем на правни гаранции и правни лекови за последиците настанати од полициските активности”.

Народниот правобранител во своите овластувања има право да изврши посета, без претходна најава и одобрение, на местата каде што има лица кои се приведени, притворени или издржуваат казна затвор. Граѓаните кои сметаат дека им се повредени правата можат да поднесат претставка до Народниот правобранител. Доколку се утврди повреда, НП може да покрене иницијатива за

поведување дисциплинска постапка против службено лице, како и да поднесе барање до надлежниот јавен обвинител за покренување постапка заради утврдување казнена одговорност.[36]

Јавното обвинителство е единствениот и самостоен државен орган чијашто примарна задача е да ги гони сторителите на казнени дела. Во согласност со член 42 став 1 точка 1 од ЗКП, основна должност на ЈО е да ги гони сторителите на кривични дела и истиот е овластен тужител за делата за кои се гони по службена должност или по предлог на оштетениот. Во Кривичниот законик се наведени кривичните дела за кои се гони по службена должност или поточно, се постапува по оние кривични дела за кои во истите не е пропишано дека гонењето се презема по приватна тужба.

Во нашата држава како посебен механизам за заштита на човековите права е и Анкетната комисија за заштита на правата и слободите на граѓанинот. Оваа комисија е постојано работно тело на Собранието со две основни функции во смисла на непосредна заштита на човековите права: прво, да разгледува прашања од сферата на заштитата на човековите права; и второ, доколку се утврди повреда, може да се поведе постапка за утврдување на одговорноста на носителите на јавните функции. Оваа комисија не може да врши истражни ниту пак судски функции а политичкиот карактер ја ограничува да претставува независно тело што ќе обезбеди ефикасна заштита на потенцијалните жртви на полициска злоупотреба.[37]

### *7.1 Улогата на Народниот правобранител во заштитата на граѓаните кои сметаат дека се жртви на полициска злоупотреба или тортура*

Во 2010 година беа поднесени 16 претставки до Народниот правобранител. Во регионот на ЦГИ Прилеп беа поднесени 4 претставки и за сите 4 предмети Народниот правобранител покрена постапка за утврдување на наодите поднесени во самите претставки. Во рамките на Избор Струмица беа поднесени 3 претставки, во регионот на Коалицијата Сите за правично судење беа поднесени 5 претставки, а во регионот на ЦДР Тетово се поднесоа 4 претставки .

Според добиените одговори од Народниот правобранител во регионот на Прилеп за 1 случај не можело да се потврди постоење на повреда на правата во полициска постапка, за 1 случај се препорачува жртвата да поведе постапка за надоместок на штета поради претрпен страв, а за 1 случај е оставен простор за **основан сомнеж** за не докрај целосно професионално вршење на полициските работи за обезбедување на докази за евентуалната инволвираност на осомничениот во настанот. За последниот случај проектот беше известен дека е поведена постапка и дека дополнително ќе се добие известување за исходот на постапката. Со оглед на тоа што во регионот

---

[36] Закон за Народен правобранител, член 32, *Службен весник* бр. 60/2003, 114/2009

[37] Види повеќе за улогата на Постојаната анкетна комисија на официјалната интернет страна на Собранието,www.sobranie.mk

на Прилеп во 2010 година две постапки беа во истражна фаза за утврдување на кривичната одговорност преку претставки до НП се побара ургенција за побрзо постапување по истите.

Во регионот на Избор Струмица за поднесените 3 претставки е добиен идентичен одговор како и одговорот на СВКПС, додека за претставките кои ги поднела Коалицијата Сите за правично судење во 1 случај не е доставен одговор, во 1 случај е констатирано дека немало повреда на правата во полициска постапка, за 1 случај е дадена правна поука за заштита на правата пред комисијата за прекршоци при МВР, додека за 2 случаи е доставено известување за покренување на постапка.

Во регионот на ЦДР Тетово во 2 случаи е покрената постапка за целосно утврдување на фактичката состојба, во 1 случај немало основ за постапување, а во 1 случај не постоеле докази за сторено противправно дело.

За споредба, во 2009 година беа поднесени 23 претставки од кои за 7 беа утврдени повреди и преземени дејствија, додека за 16 дојде до запирање на постапката.

И во одговорите на НП најчесто е констатирано непостоење на повреда на правата во полициска постапка.Затоа повторно се отвора прашањето зошто тогаш граѓаните се жалат на полициското постапување и сметаат дека нивните права се повредени. Дали е потребно зајакнување на овластувањата кои ги има НП со цел целосна надворешна истрага во случај на полициска злоупотреба или пак проблемот е во недоволното познавање на правата во полициска постапка од страна на граѓаните.

Во извештајот на Народниот правобранител за 2009 година стои дека биле поднесени 252 претставки за полициско постапување а вкупно во работа биле 336 претставки, вклучувајќи ги оние од претходните години. Од нив за 221 претставка се донела одлука за запирање или непокренување на постапката, во 12 случаи решени се на друг начин, во 37 случаи дадени се сугестии и препораки, во 27 случаи постапено е по интервенција на НП, во 7 случаи преземени се сите законски дејствија, во 3 случаи постои непостапување по интервенција на НП и во 1 случај е доставена информација до министер.

Со оглед на тоа што извештајот на НП за 2010 година ќе излезе после изготвувањето на оваа анализа ќе биде од интерес да се споредат податоците и од оваа година.

Во годишниот извештај на НП за 2009 година стои дека “Од вкупниот број на констатирани повреди, најголем број непостапувања по укажаните сугестии, препораки и други интервенции на Народниот правобранител беа забележани кај второстепените комисии при Владата, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, единиците на локална самоуправа и т.н”.

## *7.2 Јавниот обвинител – пристап до правдата*

Во 2010 година јавното обвинителство постапуваше по неколку предмети кои се водени и застапувани од проектот за поддршка на човековите права. Така за случајот ПП045 основното јавно обвинителство покрена обвинение против две ОСЛ за кривично дело *Малтретирање во вршење на службата* по член 143 од Кривичниот законик, а воедно од страна на законскиот застапник на потенцијалната жртва-адвокатот на проектот, е поднесена и приватна тужба за тешка телесна повреда.

**Случај ПП045- постапка пред Јавното обвинителство**

ОЈО Прилеп на ден 14.12.2009 година поднел барање за спроведување истрага против обвинетите полициски службеници за кривично дело „*Тешка телесна повреда*" и кривично дело „*Малтретирање во вршење на службата*" .

Со известување од 01.09.2010 година, Основен суд Прилеп го известил оштетениот дека е донесено решение со кое се запира истрагата во делот на обвинението кое се однесува на кривично дело „*Тешка телесна повреда*" од член 131 став 1 од КЗ бидејќи ОЈО Прилеп доставило изјава за откажување од гонење во овој дел. ОЈО Прилеп останал при обвинението за кривично дело „*Малтретирање во вршење на службата*" од член 143 в.в. со член 22 од КЗ.

Оштетениот како приватен тужител, преку својот полномошник во рок од 8 дена од приемот на известувањето од Основен суд Прилеп го презел гонењето, односно поднел субсидијарен обвинителен акт за дело „*Тешка телесна повреда*" од член 131 став 1 од КЗ против полициските службеници.

Од страна на ОЈО Прилеп до Основен суд Прилеп е поднесено и барање за спроведување на истрага и против жртвата од Прилеп за кривично дело „Напад на службено лице при вршење на работи од безбедноста" од член 383 став 2 в.в. со став 1 од КЗ. По поднесеното барање Основен суд Прилеп на ден 08.02.2010 година донел решение за спроведување на истрага 3/2010. Со решение КИ 3/2010 од 24.06.2010 година Основен суд Прилеп одлучил да ја запре истрагата против жртвата за односното кривично дело. Во меѓувреме полициските службеници поднеле субсидијарен обвинителен акт до Основниот суд за да се продолжи гонењето против жртвата како можен сторител на кривично дело.

Во 2010 година покрај горенаведениот случај поднесена е кривична пријава и за случајот ПП047 кој се уште се наоѓа во истрага, а поднесени се и 3 кривични пријави во Кумановскиот регион за кои нема одговор од јавното обвинителство. Воедно Коалицијата Сите за правично судење го следеше предметот СК073 кој е заведен во 2008 година и каде потенцијалната жртва на 25.11.2008 била повикана да даде исказ пред истражен судија. Основниот суд во Ресен на 10.06.2010 година ја завршил истрагата и сега се очекува започнување на предметот по приватна тужба за сторена телесна повреда од страна на ОСЛ.

Останува забелешката дека и во 2010 година се провлекуваат случаи за кои подолго време се чека одговор од јавното обвинителство. Така за случајот СК076 кој беше заведен во 2009 година, Народниот правобранител на 18.03.2010 година поднел барање за утврдување на кривична одговорност за кој е започната истражна постапка но се уште нема одговор од јавното обвинителство во Скопје.

Затоа и понатаму проектот за поддршка на човековите права се залага за формирање на посебно одделение за полициска злоупотреба и тортура во рамките на јавното обвинителство каде по итна постапка и ефективно ќе се процесуираат кривичните пријави од овој вид.

Со цел обезбедување на ефикасен пристап  до правдата, ја подржуваме препораката на Европскиот комитет за превенција од тортура при Советот на Европа од 2008 година[38], која се однесува за злоупотребите што не се истражени при што се бара да се преземат поинтензивни напори за соодветни истраги од страна на тела кои се навистина независни.

## *7.3 Судот во обезбедувањето на правдата*

Во 2010 година Коалицијата Сите за правично судење вршеше мониторинг на 4 активни предмети започнати во 2008 и 2009 година. Се мониторираа предметите СК075,СК065 и СК086 и СК087.

За предметот СК075 на 28.05.2010 година се одржа рочиште на кое се дадоа завршните зборови и се донесе пресуда со кое полицискиот службеник од единицата за борба со уличен криминал Алфа се осудува на 2 години затвор, која казна нема да се изврши доколку во следните 5 години не стори друго кривично дело, а за случајот СК065 се донесе пресуда со кое ОСЛ се огласува за виновно и се изрече парична казна во висина од 200 ЕУР. Воедно за случаите СК086 и СК087 постапката е во тек и е активно следена од Коалицијата Сите за правично судење.

Во делот на случаите кои ги водеше и мониторираше Коалицијата може да се забележи постоењето на долги судски постапки од причина што за предметот СК075 во 2009 година беа одржани 3 рочишта, постапката во суд започна во февруари 2009 година и заврши во мај 2010 година.

За случајот ПП045 кој е заведен во регионот на Прилеп, во моментот се водат три постапки  и тоа едната постапка поведена по обвинителен акт поднесен од ОЈО за кривично дело „Малтретирање во вршење на службата" од член 143 од КЗ, една постапка по субсидијарниот обвинителен предлог на оштетениот /потенцијалната жртва против полициските службеници  за кривично дело „Тешка телесна повреда" од член 131 став 1 од КЗ, како и трета постапка поведена по субсидијарен обинителен акт на полициските службеници за кривично дело " Напад на службено лице". За овој предмет е доставено барање за спојување на трите постапки и претресот е одложен за јануари 2011 година.

[38] http://www.cpt.coe.int/documents/mkd/2008-31-inf-mkd.pdf

Во регионот на Прилеп покрај ПП045 се водеа и предметите ПП027 и ПП043. Кај ПП043 потенцијалната жртва беше условно осудена за напад на службено лице, а за предметот ПП027 полицискиот службеник беше огласен за виновен и му е изречена условна осуда од 8 месеци.

***ПП027 – судско постапување***

Случајот ПП027 доби судска разрешница за кривично дело “ Малтретирање во вршење на службата” за што се изрече и условна осуда од 8 месеци. Воедно беше одбиено обвинението за телесна повреда и навреда заради кое се поднесе жалба врз основа на која е одржано повторно судење и донесена пресуда на 15.02.2010 година. Во таа пресуда ОСЛ е огласено за виновно за кривично дело “ телесна повреда “ за што е изречена казна затвор од 5 месеци условно за 1 година.

Во проектот за поддршка на човековите права беа пријавени и два случаи од Штип кои се заведоа под број ШТ001 и ШТ002. За ШТ001 во февруари 2009 година преку Здружението за правата на Ромите од Штип е поднесен субсидијарен обвинителен акт против 4 полициски службеници за кривично дело *Малтретирање во вршење на службата*. Во 2010 година преку проектот се ангажираше адвокат за застапување на ова лице при што беа закажани и одложени 4 рочишта. На 29.11.2010 година дојде до помирување меѓу странките со што со решение е запрена постапката.

Активно се мониторираше и случајот ШТ002. Овој случај е од посебен интерес за проектот бидејќи потенцијалната жртва ги обвинува полициските службеници за сторена тортура согласно член 142 од Кривичниот законик. Кај овој случај во октомври 2009 година е поднесен субсидијарен обвинителен акт против 7 полициски службеници од Штип за сторено дело „Мачење и друго сурово и нечовечко или понижувачко постапување и казнување“ од член 142 став 2 в.в. со член 22 од Кривичниот законик. Во исто време против потенцијалната жртва по пријава на СВР Штип е поднесен обвинителен акт за кривично дело „Напад врз службено лице при вршење на работите од безбедноста” член 383 ст.2 в.в. ст.1 од Кривичниот законик. Досега се одложија 3 рочишта а судот дополнително ќе оцени дали постои потреба од спојување на двата кривични предмети во една постапка.

И за случаите заведени во струмичкиот регион (СР049 и СР050) кои беа обвинети за напад на службено лице, истрагата заврши и странките немаат добиено покана за главен претрес. Овие случаи беа заведени во 2009 година. СР049 и СР050 својот случај го пријавиле со поплака дека биле жртви на тортура. Според наведените тврдења на потенцијалните жртви, по вербална караница со одредени лица за кои не знаеле дека се полициски службеници (неуниформирани), биле тепани со тупаници и со клоци по целото тело пред ПС Штип, а подоцна биле приведени за напад на службено лице. Во постапката не им биле навреме овозможени основните права (право на адвокат и право на лекарска помош). По завршувањето на распитот што траел неколку часа, им било укажано на правото на адвокат и лекарска помош. За овие два случаја на 27.10.2009 година од Избор – Струмица е поднесена претставка до СВКПС и до Народниот правобранител, а лицата поседуваат и лекарска документација.

Строгата забрана за тортура е содржана и во домашните законски и подзаконски акти. Во согласност со член 37 од Кодексот на полициската етика, „полициските службеници не смеат да предизвикуваат, поттикнуваат или толерираат никаков чин на тортура, мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување“.[39]

Исто така се поставува и прашањето за висината на казните. Дали условните казни и паричните казни се доволна санкција за кривични дела сторени од страна на полициски службеници кои ја имаат моќта во свои раце и преку чинот на малтретирање и мачење сторуваат тортура која преставува најтежок облик на кривично дело кое може да се стори од страна на државните органи.

Во секој случај за поздравување е санкционирањето на полициски службеници кои сториле кривично дело мачење или малтретирање во вршење на службата бидејќи неказнивоста може само да предизвика идни случаи на тортура во полициските редови. Овде ќе ја спомeнеме заложбата од минатогодишните обуки  организирани од проектот за поддршка на човековите права со полициските службенци, во кои самите тие побараа *утврдување на индивидуална одговорност во случаите кога се повредуваат човековите права, со цел да се избегне генерализација на одговорноста и да се има предвид степенот на загрозување на безбедноста и заштитата на личниот телесен интегритет на службениците при вршењето на работните задачи.*

## ЗАКЛУЧОЦИ:

- Во 2010 година поднесени се 16 претставки до Народниот правобранител од кои во најголем дел од претставките е констатирано непостоењето на повреда на правата во полициска постапка,
- Останува забелешка дека и во 2010 година се провлекуваат случаи за кои подолго време се чека одговор од јавното обвинителство,
- Во 2010 година како и во 2009 година постои тенденција на поднесување на кривични пријави за напад на службено лице врз оние граѓани кои се жалеле на полициска злоупотреба или тортура,
- Во 2010 е зголемен бројот на санкционирани полициски службеници со што се намалува можноста од неказнивост на облиците на тортура ,
- Судот и понатаму води долготрајни постапки кои го загрозуваат судењето во разумен рок,

[39] *Службен весник* бр.72/2007

***ПРЕПОРАКИ:***

- ***Засилена улога на Народниот правобранител со која ќе му се дозволи независна истрага надвор од истрагата која ја спроведува МВР***
- ***Продолжување на соработката со државните институции како што се Народниот правобранител и јавното обвинителство се со цел да им се помогне на граѓаните кои се жалат на полициска злоупотреба или тортура***
- ***Воспоставување на посебно одделение за полициска злоупотреба и тортура во рамките на јавното обвинителство***
- ***Почитување на стандардите за фер и правично судење со обезбедување на постапка во разумен рок како и еднаквост на средствата во постапката.***

## 8. Други форми на соработка

Во 2010 година проектот продолжи со интензивна соработка во која беа вклучени секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди при МВР, Управата за извршување на санкции, Народниот правобранител како и Постојаната анкетна комисија за заштита на правата и слободите на граѓаните. Притоа во интерес на правата на лицата лишени од слобода се одржаа две обуки со 50 полициски службеници-сменоводители од поголемиот број на полициски станици во нашата држава како и со 50 лица вработени во казнено-поправните установи. Покрај темата за Правата на лицата лишени од слобода беше презентирана и новата улога на Народниот правобранител како Национален превентивен механизам. Обуките за полициските службеници се одржаа на 17-18 април како и на 05-06 јуни 2010 година во директна соработка со СВКПС во просториите на тренинг центарот на МВР.

Обуките за затворскиот персонал се одржаа на 30 септември-01 октомври 2010 година во просториите на Факултетот за безбедност како и на 22-23 ноември 2010 година во просториите на општина Прилеп. Во насока на следење на состојбите во местата каде лицата се лишени од слобода, претставниците на проектот извршија посета на казнено-поправниот дом во Штип, во затворот Скопје како и во полициските станици Карпош и Гази Баба каде се подготвуваат нови места за задржување согласно меѓународните стандарди.

На 25.06.2010 година проектот за поддршка на човековите права по повод меѓународниот ден за заштита на жртвите од тортура организираше панел дискусија на тема “ Превенцијата против тортура”. На оваа панел дискусија се даде осврт за улогата на ЕУ и ООН во борбата со тортурата, меѓународните механизми за заштита на жртвите од тортура, улогата на Народниот

правобранител како Национален превентивен механизам, што треба државата да преземе за превенција од тортура и полициските реформи во делот на граѓанските поплаки.

## 9. Завршни согледувања и препораки

Во Кодексот на полициска етика членот 2 се утврдуваат целите на полицијата каде што примат има заштитата и почитувањето на човековите права и слободи загарантирани со Уставот како и правата содржани во Европската конвенција за човекови права. Токму заради овој примат полицијата треба да се воздржува од било какво кршење на човековите права.

Според Европскиот кодекс на полициска етика со додатокот на препораката РЕЦ (2001)10 во точката 36 се наведува дека полицијата нема да предизвикува, поттикнува или толерира никаков чин на тортура или нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Според нашиот извештај во 2010 година 50% од поплаките на граѓаните се однесувале за прекумерна употреба на сила,8% за малтретирање во вршење на службата и 10% за брутално однесување од страна на полициските службеници. Воедно според истрагите на внатрешната контрола во 73% е утврдено неоснованост што ја отвора дилемата зошто тогаш граѓаните се жалат на полициското постапување?

Според Европскиот кодекс воедно полицијата може да употреби сила само кога е тоа стриктно неопходно и единствено до обем што е потребен за постигнување на одредена легитимна цел. Она што овој кодекс го бара е полицијата да биде одговорна пред државата, граѓаните и нивните претставници како и да подлежи на ефикасна надворешна контрола. Во тој дел механизмите за заштита на правата на граѓаните при спроведувањето на полициски овластувања се внатрешни и надворешни т.е кај нас оваа улога ја имаат СВКПС, Народниот правобранител, Јавното обвинителство, судот како и одреден дел од граѓанскиот сектор.

Во 2010 година ППЧП поднесе 22 претставки до СВКПС за кои доби 20 одговори од кои во 73% се констатирала неоснованост на претставките. Поради големиот број на одговори со кои се констатира неоснованост граѓаните губат доверба во органите на прогонот и внатрешната контрола и се бара второстепен механизам за заштита на нивните права. Во 2010 година поднесени се 16 претставки до Народниот правобранител од кои во најголем дел од претставките е констатирано непостоењето на повреда на правата во полициска постапка.

Останува забелешка дека и во 2010 година се провлекуваат случаи за кои подолго време се чека одговор од јавното обвинителство, а судењата се одвиваат во долги постапки со што се успорува правдата и се повредува правото на судење во разумен рок.

Како завршни препораки на годинешната анализа е доследна примена на меѓународните стандарди за работа на полицијата кои се регулирани во Кодексот за однесување на службениците одговорни за примена на законот како и основните принципи за употреба на сила и

огнено оружје од полициските службеници утврдени на 8 Конгрес на ООН. Според овие меѓународни стандарди полициските службеници во извршувањето на своите задачи ќе применуваат ненасилни средства пред примената на сила и огнено оружје а лицата оштетени од примената на сила и огнено оружје ќе имаат пристап до независна постапка вклучувајќи ја и судската постапка.

И оваа година како краен заклучок сметаме дека е неопходна превенција од прекумерна употреба на сила, а тоа може да се постигне со континуирани обуки за ненасилни вештини за совладување напад, како и со почитување на човековите права на лицата лишени од слобода. Исто така, потребен е независен и надворешен механизам кој ќе ги испитува случаите на полициска тортура.

За целосно почитување како и заштита на човековите слободи и права во полициска постапка потребен е и силен граѓански сектор кој ќе им помага на граѓаните но воедно ќе работи на зголемувањето на довербата во државните институции како и активно ќе се вклучи во реформите за градење на полиција според меѓународните стандарди.

# *10. ПРИЛОЗИ*

## 10.1. Литература


***Регулатива*:**

***Закон за полиција***, *Службен весник* бр. 114/2006, 148/2008, 6/2009;

***Кривичен законик***, *Службен весник* бр. 37/1996, 80/1999, 04/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 07/2008, 139/2008 и 114/2009;

***Закон за Народниот правобранител***, *Службен весник* бр. 60/2003, 114/2009;

***Кодекс на полициска етика***, *Службен весник* бр.72/2007;

***Уредба за употреба на средствата за присилба и на огнено оружје***, 4.4.1998 година;

***Правилник за вршење на работите на МВР***, *Службен весник*, бр.149/2007;

***Правилник за вршење на работите на СВКПС на Министерство за внатрешни работи***, донесен во мај 2007, а стапил во сила на 11.11.2007;

***Меѓународен пакт за граѓански и политички права***, усвоен на Генералното собрание на ООН во 1966 година.

***Европски кодекс на полициска етика*** (2001)

***Кодекс за однесување на службениците одговорни за примена на законот*** -1979

***Основни принципи за употреба на сила и огнено оружје од полициски службеници*** – осми конгрес на ООН, 27.08-07.09.1990 Хавана

***10 Basic Human Right Standards for Law Enforcement Officials UN***, 1998, AI idex POL 30/04/98

***Декларација за полиција*** –Резолуција 690/1979 Совет на Европа

***Извештаи, публикации и книги:***

***Извештај на Европскиот комитет за превенција од тортура при Советот на Европа во 2008*** година, http://www.cpt.coe.int/documents/mkd/2008-31-inf-mkd.pdf

***Годишен извештај на Народниот правобранител за 2009 година***, објавен на www.ombudsman.mk

***Извештај за напредокот во 2010 година***, глава 2.2 *Човекови права и заштита на малцинствата*

***Ефикасност во заштитата на човековите права при пречекорување на полициските овластувања*** –правна анализа за 2009 на Проектот за поддршка на човековите права,

***Пристап до правдата*** – Извештај за заштита на човековите права при полициска злоупотреба и тортура 2008, www.hrsp.org.mk;

***Fair trials manual*** –Amnesty International Publication 1998, издавач: Фондот за хуманитарно право, Белград, 2001;

***Полициска етика и деонтологија***, Трпе Стојановски, 2006 Скопје.

***Меѓународни правни стандарди со кои се уредува полициската употреба на средства за присила*** - Д.Шктриќ ,2007 објавено во Хрватски љетопис за казнено право и пракса –Загреб бр.14,страна 187-214

***Човекови права и полиција*** – проф. Богољуб Милосављевиќ –Белград 2004

**Beckley, A.,** *Human Rights: The Pocket Guide for Police Officers and Support Stuff*
Surrey, En g land, UK: The New Police Bookshop 2000 –

**Osse, A.,** Instrumenti za vodjenje diskusije: prirucnik za instruktore -
o policiji i ljudskim pravima: petnaest ideja kako da se
ohrabre policajci da razmisljaju o pitanjima vezanim za ljudska prava -
Beograd: Kancelarija Saveta Evrope u Beogradu, 2003

## 10.2 Контакти на организациите имплементатори на ППЧП во 2010

**Коалиција на здруженија на граѓани *Сите за правично судење***
Регион: Скопје и Велес
Тел./факс: ++ 389 2 3215 263E-mail: contact@all4fairtrials.org.mk
www.all4fairtrials.org.mk

**Форум за правата на Ромите *АРКА* – Куманово**
Регион: Куманово, Штип, Крива Паланка и Кратово
Тел. /факс: +389 31 421-362
e-mail: arka@arka.org.mk
www.arka.org.mk

**Центар за демократски развој –Тетово**
Регион: Тетово, Гостивар, Кичево и Дебар
Тел. /факс: ++389 44339-903
e-mail contact@centerdd.org.mk
www.centerdd.org.mk

**Центар за граѓанска иницијатива – Прилеп**
Регион: Прилеп, Битола, Крушево, Македонски Брод, Ресен, Охрид, Струга, Кавадарци и Неготино
Тел. /факс: ++389 48400-480
e-mail: ccimk@mt.net.mk
www.cgimk.org.mk
ИЗБОР
Регион: Струмица, Гевгелија, Кочани, Радовиш, Берово и Делчево
Телефон: 034/349-411
e-mail: izborsr@sonet.com.mk

**Прва детска амбасада во светот Меѓаши**
(за права на малолетници во полициска постапка )
Коста Новаковиќ 22а, 1000 Скопје

Тел. +389 2 2465 316
Фах. +389 2 2463 900
info@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk

**www.hrsp.org.mk**

ПРОЕКТ ЗА ПОДДРШКА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
Human Rights Support Project